# Животот на Јосиф

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.


**Оригинален текст:** Катерина Хершеј
**Адаптиран за Европа:** Џенифер Хаијер



Copyright © 2003 Child Evangelism Fellowship Inc.
Преведено со дозвола. Сите права придржани.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

# Вовед

Во денешниот свет изгледа дека човечкиот разум може да ги даде сите одговори, дека човечките решенија, и само тие, ги одредуваат судбините.

Кога во 1. Книга Мојсеева читаме за животот на Јосиф, невистиноста на овие идеи станува очигледна, бидејќи се соочуваме со Суверениот Бог. Кога ќе ги поучувате овие лекции, вие ја имате можноста да го откриете Божјото провидение во Неговиот однос со Јосиф и Неговиот избран народ.

"Ако Јосиф не беше роб во Египет, тој немаше да биде владетел во Египет" *(Вилијам Секер)*. Мојата молитва е преку овие лекции многу деца и учители да го прославaт и да му веруваат на нашиот Суверен Господ.

*Џенифер Хаџер*

# Содржина:

**Лекција** **Страница**


1. Јосиф, саканиот син 3
2. Јосиф, продаден од браќата 8
3. Јосиф затвореникот 12
4. Јосиф е награден 18
5. Јосиф се грижи за своето семејство 23

# ЛЕКЦИЈА 1

## Јосиф, саканиот син

**Библиски текст:** 1. Мојс. 29:18-20, 25-28, 31
1. Мојс. 30:1-24
1. Мојс. 35:16-18
1. Мојс. 37:1-8

**Централна вистина:** Пази се од љубомора.

**Примена:** **За неспасени деца:** Само Христос може да те ослободи од гревот. Поверувај во Него.

## Преглед на лекцијата

**Почеток:** Проблемот на Коле и Ема - ЦВ.

**Развој на настаните:**

1. Јаков се ожени со две жени.
2. Леа и Рахела се љубоморни - ЦВН.
3. Се раѓаат синовите на Леа.
4. На Рахела ѝ се раѓа бебето Јосиф.
5. Рахела раѓа второ дете и умира.
6. Јосиф расте - ЦВН.
7. Јаков му дава наметка на Јосиф.
8. Браќата го мразат Јосифа.

**Кулминација:**

9. Јосиф го раскажува својот сон.

**Заклучок:**

10. Браќата се бесни.

**Визуелни помагала:** За да направите помагало со кое ќе ја поучувате централната вистина исечете круг со дијаметар од околу 25 см. Направете дршка *(од дрво или картон)* така што кругот ќе можете да го држите како знак. Од едната страна на белиот круг напишете "ПАЗИ СЕ" со масни црвени букви. На задната страна напишете "ОД ЉУБОМОРА" со зелени букви.

**Стих за напамет**: "И ако Синот ве ослободи, навистина ќе бидете слободни" (Јован 8:36).

За секоја лекција се предлага друг стих за напамет, но ако ги поучувате сите пет лекции, ви советуваме да изберете три стиха од петте и добро да ги поучувате.

Примената на оваа лекција е само за неспасените деца; затоа ќе биде добро во програмата да вклучите и "мечување" со кое ќе го поучувате христијанскиот став спрема љубомората. Децата ги користат "мечовите" - нивните библии, за да го пронајдат одговорот на прашањата. Кога некое од децата ќе го најде одговорот станува на нозе и го чита.

**Учителот:** "Подгответе ги мечовите". *(Децата ги ставаат библиите под мишка).*

**Учителот:** "Од каде доаѓа љубомората? Галатите 5:19-20."

"Извлечете ги мечовите" *(децата ги држат библиите со подигнати раце).*

**Учителот:** "Напад". Децата го бараат одговорот во Библијата. Кога некое дете одговори дека љубомората доаѓа од нашата грешна природа, објаснете дека тој дел од нас треба да станува сè помал, кога му припаѓаме на Господ Исус. Тој сака да нè направи слични на Него.

Повторете ја вежбата со следните прашања. Осигурете се притоа дека децата ги разбираат одговорите.

- Што треба да направи христијанин кога е искушуван да биде љубоморен? Псалм 102:2

*(Одговор - благодари му на Бог за она што ти го дал. Благодарноста ја брка зависта).*

Зошто христијаните можат да бидат задоволни? Евреите 13:5.

*(Одговор - Бог е со нив и тоа е подобро од сè друго).*

## ВОВЕД

"Секогаш е исто"- си мислеше Коле. "Ене го со сите пријатели. Сите сакаат да се со него." Коле имаше пријатели, но изгледаше дека сите му се пријатели на Тони.

"Мамо, зошто не можам да имам повеќе нови облеки? Ана повторно купи нови тренерки. Не е фер!"

"Ох, Ема, толку пати ми го кажуваш тоа" - ѝ одговори мајка ѝ. "Ти знаеш дека не можеме да си дозволиме да купуваме толку многу нови нешта. Во секој случај, и твојата облека изгледа убаво, исто така."

"Но не толку убаво како на Ана - нејзината е навистина модерна"- продолжи да се буни Ема.

Коле имаше проблем. Ема имаше проблем. Кој беше тој? *(Дозволете им на децата да одговорат).* Тие беа љубоморни. Започна со тоа што почнаа да го посакуваат она што го имаа другите. Што сакаше Коле? Што сакаше Ема? Дали некогаш си се чувствувал како нив? Кога така се чувствуваш, ти

посакуваш туѓо. Една од Божјите заповеди е: "Не посакувај туѓо". Прво го посакуваш она што го има другиот, а потоа стануваш љубоморен на таа личност. И тоа, исто така, е непослушност спрема Бог. Тоа е многу лошо. Затоа *(покажете го знакот со централната вистина)* "Пази се од љубомора". Можеби во твојот живот, или во твоето семејство има љубомора. Денес ќе "посетиме" едно семејство во Библијата каде што има многу љубомора.

## Сцена 1

*(Поставете ги фигурите Леа J1; Рахела- J2; Јаков J3)*




Јаков, за кого читаме во 1. Книга Мојсеева, во Библијата, имал две жени. *(Ако сте ги поучувале лекциите од ПАТРИЈАРСИТЕ, овде не ќе треба да објаснувате многу).* Тој не планирал да има две жени. Јаков ја сакал Рахела и сакал да се ожени со неа. Таткото на Рахела му ветил на Јаков дека ќе може да се ожени со неа ако без плата работи за него седум години. Откако Јаков одработил седум години, таткото на Рахела го измамил и го натерал да се ожени со постарата сестра, Леа. Јаков не ја сакал Леа. Тој сè уште ја љубел Рахела и сакал да му стане жена. Таткото рекол дека Јаков може да се ожени и со Рахела, ако работи уште седум години. Законите во таа земја, во тоа време, биле поинакви отколку денес и многу мажи имале повеќе од една жена. И така, Јаков се оженил и со Рахела. Меѓутоа, тоа не било најумното нешто и донесло многу проблеми.

Леа ѝ била љубоморна на сестра си, бидејќи Јаков ја сакал Рахела, а не неа. Леа често пати се обидувала да го натера Јакова да ѝ обрнува повеќе внимание. Леа сметала дека ќе биде среќна само ако Јаков ѝ посветува исто толку внимание како и на Рахела. Јаков не ја одбрал Леа да му биде жена. Рахела била таа која ја одбрал тој и која ја сакал. Ништо чудно што Леа била љубоморна. Но еден ден се случило нешто што ја направило Леа многу среќна. Таа родила машко дете - првиот син на Јаков. "Сега мојот маж ќе ме засака"- рекла таа. Синот го нарекол Рубен, што значи: "види, син"

*(Поставете ја фигурата на бебето J4).*

Малку подоцна Леа родила уште еден син, а потоа и уште еден. Тие се викале Симеон и Леви.

*(Поставете ги двете момчиња, фигурите J5 и J6, отстранете ја фигурата J4).*

Рахела била љубоморна. Во Библијата пишува: "Рахела ѝ завидуваше на сестра си." Рахела немала деца, а дотогаш Леа имала четири сина. Нејзиниот четврт син се викал Јуда.

## Сцена 2

*(Отстранете ја фигурата J4; поставете ги фигурите J7 и J8)*




Секогаш кога ќе родела уште еден син, Леа се надевала дека Јаков ќе ја засака повеќе отколку Рахела. Но тоа не се случило, и Леа била љубоморна.

Рахела не можела да ги гледа децата на Леа. Да, Јаков ја сакал, но таа ѝ била толку љубоморна на Леа, што рекла: "Ако немам деца, ќе умрам". Имало расправии, кавги и сплетки меѓу овие две љубоморни сестри. Станувало сè полошо и полошо. Така е тоа со љубомората. Често пати започнува како тајна мисла. Никој освен Бог не знае колку му завидуваш на брат ти за тоа што е бистар. Љубомората спрема другарот заради тоа што има убави играчки - можеби е тајна. Но "Пази се од љубомора *(покажете го знакот со централната вистина)* - ти не ја вршиш волјата Божја. Бог во Библијата ни вели дека љубомората е грев и води до расправии *(Јаков 3:16).*

Тоа се случува вака - *(учителе, употребете јаже со кое, додека зборувате, ќе врзете едно дете).* Љубомората започнува во твоето срце; често мислиш љубоморни мисли. Тогаш ќе почнеш да се расправаш со таа личност која има подобри играчки, или поубава облека. Ти си налутен. Почнуваш да измислуваш ситни, но лоши работи. Станува полошо - почнуваш дури и да го мразиш другиот. А сè започнува со љубомората. Стануваш заробеник на сите овие лоши нешта и не можеш веќе да се ослободиш. *(Покажете дека детето само не може да се одврзе и оставете го врзано до малку подоцна).* Колку е љубомората страшна! Не е ни чудо што Бог нè предупредува да се пазиме од неа. Таа донесе многу проблеми и таги и во домот на Јаков.

Но, понекогаш имаше и радост. Секогаш кога Леа ќе родеше син, таа беше среќна. Еден син беше наречен Ашер, што значеше "радост". Сигурно и Јаков беше среќен, со сите овие деца. Имаше десет синови и една ќерка, но ниту едно од децата не беше од Рахела. *(Учителе, ќе биде подобро ако*

*овде не објаснувате за децата што ги имал Јаков со слугинките, освен ако децата не поставуваат прашања).*

Тогаш, најпосле, и таа се израдувала. Библијата ни вели дека Бог си спомнал за Рахела и ѝ ги услишал молитвите. Тој ѝ дал син.

(*Поставете ја фигурата Ј4 до Рахела).*

"Ќе го наречам Јосиф"- рече таа. "Знам, Бог ќе ми даде уште еден син".

Малото бебе Јосиф им донесло голема радост на Јаков и Рахела. Понекогаш изгледало дека Јаков му се радува на овој син многу повеќе отколку на другите. Не размислувајќи, тој му обрнувал повеќе внимание на Јосиф, бидејќи повеќе ја сакал Рахела и за него овој син бил посебен. Можете ли да погодите како се чувствувале другите браќа спрема Јосиф? Да, биле љубоморни.

*(Отстранете ги сите фигури).*

Јосиф имал одвај шест години кога на Рахела ѝ се родило уште едно машко бебе. Таа имала право кога велела дека Бог ќе ѝ даде уште еден син. Но раѓањето на ова дете донесло многу тага. Веднаш по породувањето, Рахела умрела. Јаков го нарекол синот Бенјамин. Ова бил неговиот дванаесетти, последен син.

## Сцена 3

*(Поставете ги дванаесетте синови, фигурите Ј6-Ј12)*



Колку големо семејство! Дванаесет синови. Би сакале ли да живеете во такво семејство? Ова претставувало посебно семејство. Тоа бил почетокот на народот кој Бог му го ветил на Авраам. Тие биле наречени деца на Израел. Подоцна, нивните потомци *(децата на нивните деца, и така натаму)* биле наречени Евреи. Денес Евреи живеат во земјите по целиот свет. Многу од нив живеат во земјата која Бог му ја ветил на Авраам, земјата Израел. Всушност, Израел било новото име кое Бог му го дал на Јаков *(1. Мојс. 35:9-13).*

Израел е земјата каде што живееле Јаков и неговото семејство. Поминувале години и Јосиф пораснал, често гледајќи ја љубомората на неговите браќа. Но тој бил поинаков. Никаде не читаме дека Јосиф бил љубоморен. Сигурен сум дека често посакувал да е жива мајка му; можеби бил искушуван да им биде љубоморен на браќата кои имале мајка. Но Бог бил Бог на Јосиф. Јосиф Го љубел и му бил послушен. Тоа е единствениот начин ти и јас да се ослободиме од љубомората и од секој друг грев. Ти не можеш да се ослободиш самиот *(покажете на детето кое самото не може да се одврзе)*. Само Еден може да го стори за тебе тоа. Тоа е Исус Христос, Единствениот Син Божји. Тој умре на крст за да те ослободи. Јас можам да го исечам јажето *(направете го тоа и ослободете го детето)*, но само Исус Христос може да те ослободи од гревот. Бог вели во Библијата: "И ако Синот ве ослободи *(тоа е Господ Исус Христос)*, навистина ќе бидете слободни" *(Јован 8:36)*. Ако навистина сакаш да бидеш слободен, поверувај во Господ Исус тој да го направи за тебе тоа, поверувај му уште денес. Тогаш ќе бидеш слободен да го љубиш и да си му послушен на Бог, дури и кога другите околу тебе не го прават тоа.

Можеби си мислиш: "Да, јас сакам да сум слободен, не сакам веќе да сум роб на гревот. Но јас не разбирам како можам да се ослободам." Ќе ми биде драго да ти објаснам од Библијата повеќе за тоа. Кога ќе завршиме со часот, остани на местото и јас ќе знам дека сакаш да разговараш со мене. Бог може да те промени, Тој го направи тоа со Јосифа. Навистина е важно да знаеш како може Бог да те ослободи од гревот и да те промени, како што Тој го променил Јосифа.

Кога Јосиф наполнил седумнаесет години, веќе работел како пастир со постарите браќа. Некогаш браќата правеле лоши работи и Јосиф му кажувал на татко си. Ова ги разбеснило браќата.

Јаков продолжил да покажува дека Јосиф му е миленик. Да се има миленик во едно семејство секогаш прави проблеми, а тоа се случило и во ова семејство. Особено кога Јаков му дал на Јосифа прекрасен подарок.

## Сцена 4

*(Поставете ја фигурата на наметката Ј14 со Јаков како му ја подарува на Јосиф)*



Тоа била посебно светло обоена наметка, која покажувала дека оној што ја носи добива поголема чест отколку сите други. Сигурен сум дека браќата мрмореле меѓу себе, и зборувале налутено за Јосиф. Библијата вели дека тие го мразеле Јосифа. Љубомората навистина ги заробила. Не ги засегало дека со тоа не ја вршат волјата Божја.

Еден ден, Јосиф сакал на семејството да му каже нешто многу важно. Сите се собрале наоколу за да чујат. "Сонив сон"- рекол тој. "Чуден сон. Сите работевме во полето, врзувајќи снопови од јачмен. Мојот сноп стана и се исправи. Но сите ваши снопови се исправија и му се поклонија на мојот." "Значи, ти мислиш дека ќе владееш над нас?"- сигурно прашале со гнасење.

"Сакаш да ти се поклониме?"

"Никогаш!"

Тие го замразиле Јосифа повеќе од кога било порано и му дале прекар "Сонувачот".

Во тоа време Библијата сè уште не била напишана и Бог понекогаш ги кажувал своите пораки во сон. Преку сонот на Јосиф Бог сакал да му каже нешто, но браќата не сакале да слушаат. Љубомората ги беше зграпчила толку многу, што не сакале да ја чујат пораката на Бог.

Љубомората може да го направи истото и во твојот живот. Може да те зароби и ти да не сакаш да го чуеш Божјото Слово. Не сакаш да слушаш за тоа како може да се ослободиш од гревот. Пази се! Внимавај, се наоѓаш во опасност. Гревот или лошите нешта кои те заробиле ќе те држат понастрана од Бог, засекогаш. Треба некој да те ослободи. "Ако Синот *(Божји)* ве ослободи, навистина ќе бидете слободни" *(Јован 8:36)*.

Зарем не сакаш да Му поверуваш и да се ослободиш сега? Можеш да Му кажеш дека гревот и лошите нешта те заробиле. Благодари Му што умре за да те ослободи и побарај од Него да го направи тоа уште сега.

Пази се да не тргнеш по патот на љубомората по кој тргнале браќата на Јосиф. Следниот пат ќе видиме дали нештата се подобриле, или пак тргнале на полошо. *(Учителе, оставете неколку моменти на тишина кога децата во своите срца можат да му одговорат на Божјото Слово)*

## Прашања за повторување

1. Зошто си љубомореле Леа и Рахела?
2. Како љубомората започнува во твоето срце?
3. Каде води љубомората?
4. Колку синови имал Јаков?
5. Како Јаков покажал дека Јосиф му е миленик?
6. Како можеш да се ослободиш од љубомората?
7. Зошто Исус може да те ослободи?
8. Зошто не можеш самиот да се ослободиш?
9. Кој прекар му го дале браќата на Јосиф?
10. Каков бил сонот на Јосиф?
11. Кој бил помладиот брат на Јосиф?

## Предложени активности

Во вашата програма можете да предвидите петнаесет минути во кои секое дете ќе може да ја направи "наметката" на Јосиф. Направете неколку картонски наметки според дадениот пример. Секое дете треба да го искористи "теркот" од картон, исцртува околу него на лист хартија и ги бои само ракавите. Останатите "пруги" на наметката употребете ги како иницијатива за редовноста на децата: секогаш кога ќе дојдат на час, дозволете им да обојат по една "пруга". Кога ќе ја обојат целата наметка, можат да си ја однесат дома. *(Алтернативно, дадете му на секое дете готова копија од наметката).*



# ЛЕКЦИЈА 2

## Јосиф, продаден од браќата

**Библиски текст:** 1. Мојс.37:9-35; 1. Мојс. 42: 21-22

**Централна вистина:** Сите деца Божји поминуваат низ тешкотии.

**Примена:** **за спасени деца:** разберете дека тешкотиите се за ваше добро и дека Бог е со вас во нив.

## Преглед на лекцијата

**Вовед:** Како се подготвува златото за од него да се направи накит?

**Развој на настаните:**

1. Јосиф го кажува вториот сон.
2. Браќата уште повеќе го замразуваат Јосифа - ЦВ.
3. Јаков го испраќа Јосифа за да ги види браќата.
4. Јосиф оди во Сихем.
5. Тој ги наоѓа во Дотам.
6. Браќата го гледаат како доаѓа и коваат планови против него.
7. Го фрлаат во јама - ЦВС.

**Кулминација:**

8. Го продаваат на трговци.

**Заклучок:**

9. Наметката на Јосиф му ја носат на Јаков - ЦВС. *(Кус предизвик за неспасените)*

**Визуелни помагала:** употребете ги фигурите Ј9-Ј28.

**Стих за напамет:** "Бог ни е закрила и сила, секогаш присутна помош во невола" Псалм 45:1.

Оваа лекција примарно се однесува на спасените деца. Следната приказна е убава илустрација на Евангелието, која може да се употреби со кусиот предизвик кон неспасените во некој друг дел од програмата.

Се раскажува приказна за неколку убави птици кои биле за продавање. Ги чувале во голем кафез. Се разбира, тие се обидувале да одлетаат, но не можеле. Еден ден оттаму поминал еден човек и прашал: "Колку чинат птициве?" Биле многу скапи, и затоа продавачот се зачудил кога човекот рекол: "Ќе ги купам сите!" Платил колку што му побарале, си заминал и го отворил кафезот. Сите птици одлетале - најпосле биле слободни! Тој ја платил цената за нивната слобода. Ако не го познавате Господ Исус како ваш Спасител, вие сте заробеници на гревот и на сатаната. Господ Исус дојде да нè ослободи. Тој скапо го плати тоа. Умре на крст за момчињата и девојчињата, мажите и жените, кои беа заробеници на гревот. Тој покажа дека гревот или смртта не можат да го заробат со тоа што пак оживе. Ако му поверуваш, Тој може да те ослободи од гревот. Сетете се на стихот од Библијата кој го научивме минатата седмица: "И ако Синот ве ослободи, навистина ќе бидете слободни" *(Јован 8:36).*

## ВОВЕД

*(Учителе, покажете нешто направено од злато, можеби прстен, или обетка.)*

Златото е многу скапо. Можете ли да ми кажете од каде доаѓа златото? Да, се копа во рудници и кога ќе се извади од земјата воопшто не изгледа вака. Треба многу да се загрее за да се отстранат сите нешта кои не се злато и тогаш само чистото злато ќе остане. Откако ќе се направи тоа, дури тогаш е подготвено за од него да се направи прстен, или нешто друго. На некој начин, и Јосиф е како златото. Додека ја слушате лекцијата, обидете се да размислите зошто е тоа така. Зошто е Јосиф како златото? Кога ќе дојдеме до крајот на лекцијата, јас ќе ве прашам што мислите.

## Сцена 1

*(Поставете ги браќата на Јосиф, фигурите Ј9, Ј11, Ј12, Ј15, Ј16)*




"Сонив уште еден сон"- Јосиф објавил еден ден. Неговите браќа не биле многу среќни за тоа, но сепак слушале. И нивниот татко, Јаков, слушал исто така. "Сонував дека сонцето, месечината и единаесет ѕвезди ми се поклонија"- продолжил Јосиф.

"Мислиш ли дека јас, мајка ти *(мислеше на Леа)* и твоите браќа ќе ти се поклониме тебе?"- зачуден прашал Јаков. Браќата се налутиле, биле љубоморни, бесни. Што друго не ќе измисли овој нивни малечок брат? Му дадоа прекар "Сонувачот" и многу го намразија. Бог со тие соништа сакал да им каже нешто, но тие не биле заинтересирани. Тие не сакале да знаат што им кажува Бог. Тие не сакаа да го слушаат ниту Јосиф и јасно му го кажале тоа.

Јосиф бил оној кој верувал во Бог, а сепак бил тој на кого му било најтешко. Браќата биле лоши, го мразеле и му ја покажале омразата. Често пати е така со Божјите чеда. Царот Давид, кој напишал многу од Псалмите во Библијата, често му кажувал на Бог колку му е тежок животот - изгледа дека оние кои не го љубат Бог имаат помалку проблеми. Господ Исус кажа дека оние кои ќе го следат ќе имаат потешкотии *(Јован 16:33)*. Сите Божји чеда, оние кои поверувале во Господ Исус како во нивни Спасител имаат тешкотии - не постојано, се разбира. Можеби ти си единствениот христијанин во твоето семејство, или во твојот клас, и многу ти е тешко. Можеби си болен од нешто и не можеш да се излекуваш. Си помислил ли: "Мене ми е потешко отколку на кој било друг", или, "Не е фер. Јас сум христијанин". Запомни, такви работи им се случуваат одвреме навреме на сите Божји чеда. И јас имам проблеми, а ги имал и Јосиф.

Беше тешко да се слушаат потсмевањата на браќата. Сигурен сум дека на Јосиф му било драго што браќата беа далеку од дома, пасејќи ги овците на татко им.

## Сцена 2

*(Поставете го Јаков, фигурата Ј13; Јосиф, фигурата Ј10)*




Откако тие беа заминати подолго време, Јаков, или Израел, како што често го нарекуваа, се загрижи за нив. "Јосифе, дојди овде" - го повикал еден ден. "Сакам да те испратам кај твоите браќа. Тие се грижат за стадата овци и кози кај Сихем."

"Еве ме" - одговорил Јосиф, што значи, "Подготвен сум да одам."

"Види дали е сè во ред со нив. Види дали имаат проблеми со стадата. И врати се назад да ми кажеш како им оди."

Јосиф знаел дека браќата го мразат, а сепак доброволно го послушал својот татко.

## Сцена 3

*(Поставете го Јосиф, фигурата Ј17а)*




Требало долго да се оди од дома до Сихем, околу 85 км. Осумдесет километри пешачење ... а да не ти е драго што ќе си ги видиш браќата на крајот од патот. Да, беше тешко, но Јосиф го направи тоа бидејќи тоа беше правилното нешто. Понекогаш вие момчиња и девојчиња, имате тешкотии затоа што сте ја направиле правилната работа.

Да ви кажам за Сузана. Таа реши да не ја остава Нада, новото девојче, сама на одморите. На големиот одмор меѓу часовите таа ја покани да си играат заедно. Кога ја видоа другите девојчиња, рекоа: "Ако сакаш да играш со Нада, нема да играш со нас." За Сузана беше тешко. Тоа ѝ се случи бидејќи го направи она што беше правилно. Бог не ветува дека на Неговите деца ќе им биде лесно. Јосиф знаеше дека ќе биде тешко кога ќе се сретне со браќата. Но каде беа тие? Јосиф одеше речиси два дена пред да стигне во Сихем. Но никаде не се гледаа луѓе, ниту пак стада.

"Што бараш?" - го праша еден туѓинец.

"Ги барам моите браќа."- одговори Јосиф. "Те молам, кажи ми дали знаеш каде се?"

"Продолжија понатаму." - објасни човекот. "Слушнав дека велеа оти ќе отидат кон Дотан."

Дотан беше уште дваесетина километри подалеку, но Јосиф беше среќен за информацијата и се упати да ги најде.

Уште додека беше далеку од нив, тие го видоа.

## Сцена 4

*(Поставете го бунарот, фигурата Ј18; браќата, фигурите Ј9, 11, 12 15; и овците, фигурата Ј19)*




"Погледнете"- рекоа тие, "доаѓа Сонувачот!" Браќата почнаа да планираат што да му направат на Јосиф кога ќе стигне до нив.

*(Поставете го братот, фигурата J20).*

"Видете го овој исушен бунар"- рече еден од нив. "Да го убиеме и да го фрлиме неговото тело внатре. Ќе кажеме: 'Сигурно го раскинало некое диво животно.' Тогаш ќе видиме што ќе стане со неговите соништа."

Но на Рувин, најстариот, не му се допадна идејата да направат такво страшно нешто. "Да не грешиме против детето, ајде да не го убиваме." - рече Рувин. "Ајде само да го фрлиме во бунарот, без да го повредиме."

Рувин планираше да се врати, да го извади Јосифа од бунарот и да го пушти назад дома. Се разбира, тоа сакаше да го направи откако другите браќа ќе си заминат. Рувин мора да се плашеше од своите браќа, иако сите тие беа помлади од него. Не е лесно да се зборува против лошото, кога си единствениот што го прави тоа, иако е правилното нешто кое треба да се направи. Рувин не рече ништо повеќе.

*(Отстранете ја фигурата J17а).*

Кога Јосиф пристигна го грабнаа и му ја соблекоа наметката од рамењата.

*(Поставете ја фигурата J14 во испружената рака на фигурата J9).*

Јосиф забележа дека тие испланирале нешто лошо. Се обиде да зборува со нив, но тие не сакаа да слушаат. Едноставно го фрлија во јамата.

Сè се случи толку брзо што додека Јосиф сфати што се случува, сè беше готово. Заради некоја причина, Рувин ја напушти групата.

*(Отстранете го Рувин, фигурата J12).*

Ова беше најлошото нешто што досега му се беше случило на Јосиф. Браќата го сторија тоа, а Бог го дозволи. Ние можеме да бидеме сигурни дека, кога ни се случуваат тешки работи, Бог ги дозволува со добра причина. Понекогаш Бог ги употребува тешкотиите за да нѐ научи да Му веруваме. Како што топлината го прочистува златото, тешкотиите ја прават нашата вера чиста и силна. Така беше и со Саманта. Таа не можеше да разбере зошто ги напушти татко ѝ. Саманта го познаваше Господ Исус како нејзин Спасител, таа беше Божјо дете. Во текот на тие тешки месеци таа често плачеше и многу пати му кажуваше на Бог колку ѝ е тешко. Всушност, таа разговараше со Бог многу почесто отколку кога ѝ беше лесно во животот. Бог беше навистина нејзино засолниште и сила и Тој ѝ беше многу близок. Исто така, научи да работи некои ситни работи и да ѝ помага на мајка ѝ. *(Овие поуки и примената се засновани на 1. Петрово 1:7)* Бог ги изведе тешкотиите на Саманта на добро и јас верувам дека ќе го направи тоа и за Јосиф. Но беше многу тешко да се мисли на тоа кога гледаш нагоре од длабок бунар.

## Сцена 5

*(Отстранете ги браќата. Оставете ги останатите фигури и поставете ги браќата како ручат, фигурата J21)*




Браќата не им обрнуваа внимание на молбите од Јосиф да го извадат од јамата. Како да го слушам Јосиф како плаче од дното на бунарот... "Не оставајте ме овде... Јуда, извади ме... Симеон, зошто ми го правиш ова?... Леви, помогни ми!" Но никој не сакаше да слуша... браќата си седеа и си го јадеа ручекот!!!

Можам да си замислам како во нивната злоба се смеат и се шегуваат за она што му го направија на Јосиф. Додека јадеа, забележаа една група трговци на камили како им се приближува. Одеднаш, Јуда доби идеја. Тој ја сподели со браќата.

## Сцена 6

*(Поставете ги камилите, фигурите J22-27, и браќата, фигурата J9)*



"Каква полза ќе имаме ако го убиеме нашиот брат и го скриеме овде?" - праша тој. Изгледа дека Јуда немаше намера да го прифати предлогот на Рувин. Тие сè уште планираа дека Јосиф треба да умре. "Ајде" - им рече тој на другите, "да им го продадеме на трговците во овој карван. Тоа ќе биде подобро отколку да го убиеме. Најпосле, брат ни е. Дури можеме и нешто да заработиме од него." *(Последната реченица е извлечена од 26 стих, "**каква полза ...** ")*. Јуда можеби се насмеа на својата умна идеја. А другите браќа се согласија со него.

*(Поставете го Јосиф, фигурата J17б; трговците, фигурата J28).*

Тие го подигнаа Јосиф од јамата и го понудија на продажба. Веројатно се пазареа за цената. "Дваесет сребреници. Не ви давам ништо повеќе." - рече трговецот. Јуда и останатите се согласија со

тоа, и така го продадоа Јосифа... за дваесет сребреници.

Карванот си продолжи, носејќи го со себе Јосифа. Браќата не очекува повторно да го видат својот брат.

*(Отстранете ги сите фигури, освен бунарот, Ј18).*

Јосиф беше одведен во туѓа земја, од луѓе кои не ги познаваше. Изгледаше толку сурово и нефер. Тој беше оној во семејството кој живееше по волјата Божја, а имаше толку тешкотии. Запомнете, Господ Исус кажа дека оние кои ќе Го следат ќе имаат тешкотии. Во Библијата се запишани прекрасни зборови за Јосиф, кога отиде во туѓата земја. Таму читаме: "Но Бог беше со Јосиф" *(Дела 7:9)*. Тоа беше доволно! Ако Господ Исус е твој Спасител и ти можеш да бидеш сигурен дека Тој е со тебе што и да се случи. Тоа е она што го научивме од нашиот стих за напамет. Ќе го кажеме ли заедно? "Бог ни е закрила и сила, секогаш присутна помош во невола" Псалм 45:1.

Кога имаш големи проблеми дома, кога си болен, кога пријателите ќе се завртат против тебе, Бог е со тебе. Тој ќе ти помогне да пребродиш сè. Можеби се чувствуваш осамен, но не си. Јосиф мора да се чувствувал осамен, далеку од татко му, далеку од сопствената земја, но не беше далеку од својот Небесен Татко.

## Сцена 7

*(Поставете го Рувин, фигура Ј12, до бунарот)*




Рувин во своето срце имаше малку сожаление спрема Јосиф. Како што планираше, се врати до јамата за да го извади Јосифа. Гледајќи во темнината на јамата, не можеше да го види. Можеби си помисли дека е веќе темно, па затоа повика: "Јосифе". Никој не одговори. Тогаш Рувин сфати дека Јосиф мора да не е таму!

*(Отстранете го Рувин.)*

Тој побрза да ги најде останатите. "Го нема!" - викна тој. "Тој не е во јамата. Каде да отидам за да го најдам?"

Библијата не ни кажува како му објасниле на Рувин за тоа што се случило со Јосиф. Бидејќи беше најстариот, Рувин беше сигурен дека татко му ќе го смета за одговорен. "Што ќе му кажам на татко ни?" - сигурно ги праша другите.

Заеднички решија што да направат. Убија една од козите и ја натопија наметката на Јосиф во крвта на козата. Тогаш ја однесоа наметката дома, кај таткото на Јосиф. "Го најдовме ова"- лажеа тие. "Дали е тоа наметката на син ти, или не е?"

Јаков знаеше дека е. "Ох, тоа е наметката на мојот син."- рече тој. "Сигурно го изело некое диво животно. Јосиф е сигурно растргнат на парчиња."

Беше жалосно да се гледа тагата на Јаков. Никој и со ништо не можеше да го утеши. *(Се разбира, неговите синови никогаш не планираа да му ја кажат вистината).* "Ќе жалам за син ми додека не умрам" - рече Јаков. И ден по ден, тој постојано плачеше.

Што им направи љубомората на браќата? *(Дозволете им на децата да одговорат).* Сетете се што научивме минатата седмица. Пази се! Опасно е таа да те зароби, како што ги зароби овие луѓе. Како кој си ти денес? Дали си како браќата? Си слушнал за Господ, си го слушнал Евангелието, но сè уште си заробеник на лошото кое го правиш. Зарем нема да му поверуваш на Господ Исус да те ослободи? Можеш да го направиш тоа сега, таму каде што си. Можеби си сличен на Јосиф. Ти знаеш дека си Божјо чедо, но понекогаш е толку тешко. Запомни одвреме навреме такви работи им се случуваат и на Божјите чеда. Бог ќе го употреби проблемот или тешкотијата да те направи поцврсто да веруваш во Него. Најдобро од сè, Тој е со тебе, да ти помогне да пребродиш.

Сега, да помислиме на прашањето за златото. *(Дозволете им на децата да одговорат. За време на кусата дискусија осигурете се дека децата разбрале оти тешкотиите можат да ја прочистат нашата вера и ние можеме да научиме навистина да му веруваме на Бог. Завршете со молитва за спасените деца кои имаат потешкотии).*

## Прашања за повторување

1. Кој беше вториот сон на Јосиф?
2. Зошто Јосиф мораше да оди во Сихем?
3. Зошто Јосиф отиде да ги бара своите браќа, иако знаеше дека го мразат?
4. Како знаеме дека сите Божји чеда минуваат низ потешкотии?
5. Што беше првото нешто кое браќата му го направија на Јосиф, откако тој ги најде?
6. За колку пари го продадоа?
7. Зошто Бог допушта неговите деца да поминуваат низ тешкотии?
8. Со што можеше да се теши Јосиф, кога го однесоа во непозната земја?
9. Кој брат планираше да го извади Јосиф од јамата?
10. Што направија браќата кога се вратија кај Јаков?
11 Што поверува Јаков за Јосиф?
12. На кој начин беше Јосиф сличен на злато?

# ЛЕКЦИЈА 3

## Јосиф затвореникот

**Библиски текст:** 1. Мојс.39-40

**Централна вистина:** Бог им помага на Неговите чеда да живеат за Него - каде и да се.

**Примена:** **за спасените деца**: барај од Него да ти помогне и увери се во вистинитоста на Филипјаните 4:13

## Преглед на лекцијата

**Почеток:** Камилите влегоа во Египет.

**Развој на настаните:**

1. Јосиф е купен од Потифар.
2. На Јосиф му е доверен домот на Потифар - ЦВС.
3. Жената на Потифар го искушува Јосифа.
4. Јосиф одбива да згреши - ЦВС.
5. Јосиф е затворен.
6. Станува одговорен во затворот - ЦВС.
7. Пехарникот и пекарот се затворени.
8. Пехарникот и пекарот сонуваат сништа.

**Кулминација:**

9. Јосиф им ги толкува сништата - ЦВС.

**Заклучок:**

10. Пехарникот го заборава Јосифа.

**Визуелни помагала:** употребете ги фигурите Ј17б, Ј25-33. Напишете ја централната вистина на картон и закачете ја на таблата од фланелографот. Додека ја објаснувате примената, додавајте ги следните натписи: "работење здодевна работа"; "кажување 'не' на гревот"; "зборување на вистината."

Направете фотокопии од картичката која се спомнува на крајот од лекцијата и поделете им ја на децата кога ќе си заминат дома.

**Стих за напамет:** "Сѐ можам преку Исус Христос, Кој ме крепи" (Филипјаните 4:13).

Оваа лекција има примена само за спасените деца. Кога ќе го објаснувате стихот за напамет, ќе биде добро нагласката да ви биде на поуките за неспасените деца.

Дали некогаш си излажал? Да - лесно е да се излаже. Лесно е да се налутиш. Но тоа не е начинот на кој Бог сака да живееме ние. Можеби си решил: "Јас ќе престанам да лажам", или: "Од денес ќе бидам добар". Но не успева. Едноставно не можеш да престанеш да правиш лошо. Таков каков што си, не можеш да живееш за Бог. Тоа е исто толку невозможно, како што е невозможно за мојот молив да пишува сам. Еве го, на масата. Јас му велам: "Те молам пишувај", или "Ајде нацртај слика". Но, не може.

Нашиот стих од Библијата вели: "*Сѐ можам преку Христос*" - тоа е тајната. Само кога Господ Исус е во твоето срце и живот, можеш да живееш на начин угоден на Бог. Ти треба Исус за да го одземе сиот твој грев и да стане твој Господ. Ако го немаш Христос, не можеш да престанеш да лажеш, или да го губиш трпението. Кога ќе го земам моливот и го употребам, тогаш можам да пишувам и да цртам. Кога Христос ќе почне да те раководи, ќе можеш да направиш "сѐ" што Бог од тебе бара.

"*Христос кој ме крепи*". Тоа е најважното. Прво те спасува, потоа те закрепнува. Ако си се уморил обидувајќи се да бидеш добар и навистина сакаш да живееш за Бог, поверувај Му како во твој Спасител. Тогаш ќе знаеш дека преку Неговата сила ти можеш да живееш живот како христијанин.

## ЛЕКЦИЈА

### Сцена 1

*(Поставете ги камилите, фигурите Ј25-27).*



Еден карван камили влегуваше во главниот град на Египет. Имаа многу нешта за продавање. Мириси и зачини. Веројатно и накит, злато и слонова коска. И барем еден млад роб. Тоа беше младичот кој ќе го продадеа како роб? Да, Јосиф, кого сега по втор пат требаше да го продадат.

*(Поставете го Јосифа, фигурата Ј17б; трговецот, Ј28 и Потифар, Ј29).*

Јосиф беше купен од Потифар, кој беше важен човек во Египет. Потифар беше службеник на

царот, наречен "капетан на гардата". И Потифар му даде на Јосиф работа!

*(Отстранете ги фигурите).*

## Сцена 2

*(Поставете го Јосифа, фигурата J30; Потифар, J29)*




Библијата не ни кажува што работеше Јосиф. Веројатно беше тешка и не многу интересна работа. Новиот роб требаше да ги извршува оние работи кои не сакаа да ги вршат поопитните робови. Што мислите, што направи Јосиф? Се лутеше? Се жалеше? "Зошто мора да сум овде? Тие мои сурови, тврдокорни браќа... Да бев дома, кај татко ми, немаше да треба да ја работам оваа штура работа. Сега ќе се влечкам. И не ме интересира дали ќе ја завршам добро или не. Овој човек, Потифар, тој не ми е ништо."

Не, Јосиф не се однесуваше така.

Бог му помогна на Јосиф да живее за Него, иако беше далеку од дома, а работата беше тешка. Јосиф добро си ја вршеше работата, знаејќи дека Господ е со него. Не работеше само за Потифар, работеше за Господ. Заради тоа што толку добро си ја вршеше работата, наскоро Потифар му даде поважни нешта за работа, бидејќи гледаше оти Јосиф е поинаков од другите робови. Во Библијата пишува: "Тој виде дека Господ е со него." Бог не се променил. Тој е сѐ уште со Своите чеда - оние кои поверувале во Господ Исус како во нивни Спасител. Ако си Негово чедо, Тој е со тебе и ќе ти помогне да живееш за Него, таму каде што си. Можеби ти е здодевно да помагаш дома. Дали ти е училишната работа тешка, или неинтересна? Бог сака да ја работиш како за Него. Тој ќе ти помогне да се сетиш дека треба да го фрлиш ѓубрето, доброволно да се пријавиш да ја причуваш својата малечка сестра. Со Негова помош можеш да го направиш најдоброто со твојата училишна работа. Ако си Негово чедо Тој ветува оти ќе ти помогне. Тој нема да те изневери, исто како што не го изневери Јосифа.

Бидејќи неговиот господар беше толку задоволен со Јосиф, Потифар го унапредуваше сѐ додека не стана главен. Затоа што Јосиф ја работеше својата работа од срце, Потифар го назначи Јосифа за одговорен во неговата куќа. Јосиф беше над сите кои работеа за Потифар. Се разбира, на Јосиф не му ја покачија платата, бидејќи робовите не добиваа плата! Библијата вели дека Бог: "... го благослови домот на Египќанинот заради Јосиф и благословот Господов беше над сѐ што имаше Потифар, во куќата и во полето." На Јосиф му беше покажана благонаклоност и љубезност и тој добро си ја вршеше работата. На Потифар сѐ му тргна добро. Тој му даде на Јосиф толку многу одговорности, што Библијата вели дека Потифар дури и не знаеше што поседува. Сѐ му довери на Јосиф. Сѐ што Потифар знаеше беше дека има секогаш доволно за јадење!

*(Отстранете го Потифар, J29).*

Јосиф беше симпатичен... многу убав млад човек. Сопругата на Потифар го забележа тоа. Секојдневно го гледаше како тој работи во куќата. Можеби си помисли: "Сакам Јосиф да почне да ми обраќа повеќе внимание мене, отколку на работата. Сакам тој да ме засака." Таа му кажа на Јосиф што размислува. Но Јосиф рече "не". Тој знаеше дека тоа ќе биде погрешно, и ѝ го кажа тоа. "Слушај"- рече тој, "Твојот маж ми верува. Тој дури и не знае што сѐ има. Јас сум одговорен за сѐ. Како можам да направам такво лошо нешто и да му ја земам жената и да направам голем грев пред Бог?"

*(Отстранете го Јосиф, J30).*

Но таа продолжи да му додева. И, тој продолжи да не ѝ обраќа внимание. Тогаш, еден ден, кога таа беше сама во куќата, Јосиф требаше да влезе за да работи. Таа му се приближи и го фати за наметката, повторно барајќи од него да води љубов со неа. Јосиф ја фрли наметката и побегна од куќата.

Да се живее за Бог често пати значи да му се каже "не" на гревот - како што направи Јосиф. Можеби во твојата улица има некоја банда и таа сака да те натера да крадеш од продавница *(употребете пример за пушење, или друга адекватна илустрација)*. Понекогаш има ТВ програми и видео филмови кои го покажуваат токму оној грев кој Јосиф одби да го направи со жената на Потифар. Бог не сака да ги гледаш тие работи. Тој ќе ти помогне да го исклучиш телевизорот, или да ја напуштиш собата. Библијата ни вели дека Господ Исус може да им помогне на оние кои се искушувани *(Евреите 2:18)*. Ако си чедо Божјо, дојди кај Бог и побарај од Него да ти помогне да му кажеш "не" на гревот. Кога ќе го направиш тоа "ќе најдеш благодат која ќе ти помогне за време на потреба" *(Евреите 4:16)*. Бог е за тебе, ќе ти помогне да живееш за Него. Затоа Јосиф ѝ кажа "не" на сопругата на Потифар. Се разбира, таа беше бесна.

Таа стоеше таму, со неговата наметка во рацете. Јосиф и не сакаше да размислува за нејзините лути мисли. Само кога ќе помислеше дека еден роб може така да ја игнорира! Добро, таа ќе му врати. Почна да вреска. некои од луѓето кои таму работеа дотрчаа до неа.

"Погледнете" - почна да вреска таа, во рацете

држејќи ја наметката на Јосиф. "Мојот маж го купи тој млад роб за тој да нè навредува. Се обиде да води љубов со мене. Кога почнав да врескам, ја остави наметката и побегна!"

Тогаш таа ја остави наметката настрана, додека нејзиниот маж не се врати дома. Тогаш му ја кажа истата лага, повторно покажувајќи ја наметката на Јосиф.

Сопругата на Потифар беше зла жена. Таа сакаше љубов од човек кој не ѝ беше сопруг. Таа, исто така, беше себична, горда и решена да го добие тоа што го сака. Кога не успеа, ја кажа таа страшна лага.

Лагата која ја кажа неговата сопруга, на Потифар му звучеше како вистина. Имаше добра причина да му се налути на Јосиф; и се налути. Беше толку налутен, што го фрли Јосифа в затвор! Сигурно на Потифар му беше тешко да загуби толку добар роб. Но, не сакаше да дозволи некој друг да води љубов со неговата жена, а немаше никој кој можеше да му ја каже вистината. Јосиф можеби се обиде, но сигурно тој повеќе ѝ веруваше на својата сопруга, отколку на еден роб. така, Јосиф заврши в затвор, а Потифар веројатно се обиде да го заборави.

## Сцена 3

*(Поставете ги фигурите J30-J31).*




Сигурно на Јосиф му изгледаше дека нештата не можат да станат полоши отколку што се. Затворите често беа темни, мокри и смрдливи. Но дури и таму, Бог беше со Јосиф. Дури и таму Бог му помогна на Јосиф да живее за Него. Јосиф не мрмореше и не се жалеше. Тој не седеше за да се оплакува самиот себе. Главниот чувар на затворот го забележа, беше љубезен кон него и му даде да работи нешто. Замислете да живеете за Бог на такво ужасно место. А сепак е можно, ако му припаѓате на Господ Исус. Чујте ги овие прекрасни зборови од Библијата: "Сè можам преку Исус Христос, Кој ме крепи" *(Филипјаните 4:13).*

Дали ти се чини дека е речиси невозможно да живееш правилно таму каде што си? Можеби никој не знае колку ти е тешко; но Бог знае. Ако си Негово чедо, Тој е со тебе и ќе ти помогне. Кажи му за проблемот и барај Тој да ти помогне. Можеби ќе сакаш да разговараш со мене и заедно да се молиме. Има нешто прекрасно кога му припаѓаш на Бог, а тоа е дека можеме да ги споделиме нашите проблеми со други христијани. Ако сакаш да разговараме, остани на твоето место откако ќе завршиме со состанокот и јас ќе дојдам кај тебе. Но ако си Божјо чедо, Тој ќе ти помогне да живееш за Него и да го направиш тоа што е правилно, дури и ако е многу тешко. И на Јосиф му беше тешко, иако чуварот му покажа милост и го постави како одговорен за другите заробеници. Сепак, Јосиф беше в затвор за нешто кое не го направил.

## Сцена 4

*(Додадете ги пехарникот и пекарот, фигурите J32 и J33).*




Еден ден кај Јосиф доведоа уште двајца затвореници. Можете ли да погодите кој ги доведе кај него?

*(Поставете ја фигурата J29 - Потифар).*

Потифар! *(Капетанот на гардата - видете 40:4 и 39:1).* Тој не го имаше заборавено. Тој разбра дека може да му се верува на Јосиф.

*(Отстранете го Потифар).*

Јосиф дозна дека овие луѓе работеле за Египетскиот цар. Египетските цареви ги нарекуваа фараони. Библијата ни вели дека фараонот им се налутил на овие луѓе, но не ни кажува поради што.

Еден од нив беше главниот фараонов пекар. Во големата палата, каква што сигурно имаше, фараонот мораше да има многу луѓе кои готвеа и печеа вкусни јадења кои ги сервираа на царската трпеза. Новиот затвореник беше одговорниот за сите кои се занимаваа со печење.

Другиот беше главниот фараонов пехарник. Тој беше оној кој го послужуваше царот со вино, или со нешто друго, кога тој сакаше да пие. Имаше други кои служеа на царската трпеза, но овој човек беше одговорен за нив. Тој беше шеф, главен пехарник.

Библијата ни вели дека Јосиф ги служел овие луѓе, што веројатно значи дека им ја носел храната и вршел други работи за нив. Тие беа во затворот подолго време и, едно утро, Јосиф забележа дека беа многу вознемирени и тажни.

"Зошто сте толку тажни денес?" - праша Јосиф.

"Се натаживме од соништата кои ги сонивме" - одговорија тие.

Мислите ли дека ова го потсети Јосиф на нешто? *(Дајте им на децата можност да одговорат).* Јосиф

мора бргу да се сетил на минатите години. Пред десет години и тој, исто така, имаше чудни соништа. Можеби си мислеше дека, како што во тој момент стоеја работите, нема начин да се остварат тие соништа.

"Овде нема никој кој може да ни го каже значењето на нашите соништа" - објаснија затворениците. Тие знаеја дека најчесто требаше да се повика маѓесник кој ќе им ги протолкува соништата *(1. Мојс.41:8)*. Тие се чувствуваа беспомошни, бидејќи во затворот немаше маѓесник, а соништата им се чинеа важни.

Одговорот на Јосиф ги изненади. "Зарем значењето на соништата не му припаѓа на Бог?"- рече тој. "Ве молам, кажете ми што сонувавте." Прв проговори пехарникот. "Во мојот сон, видов лоза со три ластари"- рече тој, "видов пупки, тие бргу станаа цветови, и многу брзо цветовите станаа зрели гроздови. Во рацете го имав пехарот на фараонот, го зедов грозјето, го исцедив сокот од него и му го дадов на фараонот да пие."

Јосиф веднаш го разбра сонот. Како што рече тој, Бог го знаеше значењето на сонот и Бог му го кажа нему. "Ластарите се три дена. За три дена ќе излезеш од затворот, ќе се вратиш во палатата на фараонот и ќе му служиш вино како порано" - објасни Јосиф.

Тогаш, тој додаде уште нешто. "Сети се на мене кога ќе се вратиш да му служиш на царот." И додаде: "Ќе можеш ли, те молам да ми покажеш ми-лост и да го замолиш фараонот да направи нешто и да ме извади од ова место? Јас бев украден од мојата земја, и, откако дојдов во оваа земја не сум направил ништо за кое би заслужил да сум во оваа зандана."

Најпосле, Јосиф имаше некаква надеж да биде ослободен, ако некој, освен Потифар, го ослободи. Фараонот беше многу поважен од Потифар. Ако сакаше, можеше да го направи тоа.

Пекарот чекаше да му го каже значењето на неговиот сон. Значењето на сонот на пехарникот беше толку прекрасно, што одвај чекаше да види што ќе му каже Јосиф нему.

"Чуј го мојот сон"- започна тој, "На главата носев три бели кошници. Во најгорната кошница имаше разни убави испечени нешта за фараонот. Но додека кошниците беа врз мојата глава, дојдоа птици и ги изедоа нештата од кошницата."

Јосиф го разбра и тој сон. "Трите кошници се три дена. За три дена фараонот ќе те казни со смрт. Телото твое ќе им биде оставено на птиците, тие да го исколваат."

Ќе си помислите: "Ужасно!" Можеби се прашувате зошто воопшто Јосиф му го кажа значењето на сонот. Запомнете, не беше Јосиф тој кој го даде сонот. Бог му го даде значењето на сонот, и иако не беше убаво, тој мораше да го каже. Ние не знаеме што направил пекарот. Можеби беше нешто за кое заслужуваше да умре. Јосиф ја кажа вистината, иако беше тешко да се направи тоа. Да се живее за Бог значи да се биде чесен и искрен. Бог ќе ти помогне да ја кажеш вистината за твојата возраст, иако ќе ти биде можеби поевтино ако кажеш дека си помал. Да претпоставиме дека продавачката ти вратила повеќе кусур, откако нешто си купил. Што ќе направиш? *(Дозволете им на децата да одговорат)*. Кога сите во класот лажат, тешко е да се биде поинаков, но Бог ќе ти помогне да бидеш искрен. Тој му помогна на Јосиф да ја кажува вистината, да работи досадна работа, да му каже на гревот "не". Божјото Слово вели: "Сè можам преку Христос кој ми дава сила". Сè значи сè. Ти никогаш не можеш да се најдеш во ситуација каде што Тој не може да помогне. Беше прекрасно како Бог му помогна на Јосиф.

## Сцена 5



Пораката на Јосиф кон пекарот се овистини. Библијата вели дека по три дена, фараонот имаше роденден и тој ден имаше гозба. Тој ден, исто така се случија нештата кои Јосиф кажа дека ќе им се случат на пехарникот и на пекарот. Тогаш, Библијата додава уште една тажна реченица: "А пехарникот не се сети на Јосиф, туку го заборави."

Јосиф чекаше, и чекаше, ... но, од фараонот немаше збор дека ќе биде ослободен. Тој мора да беше разочаран, а сепак продолжи да ја извршува својата работа во затворот. Тој сè уште работеше: "од срце, како за Господ". Сè до еден ден... ох, тоа е лекцијата за следната седмица! Не верувам дека ќе сакате да ја пропуштите, бидејќи е многу возбудлива.

Имам малечки картички на кои пишува: "Сè можам преку Христос". Ако го љубите Господ Исус, зошто на излегување не си земете една картичка? Оваа седмица запишете што ви помогнал Бог - можеби некому да кажете "извини", да ги измиете чиниите, да ја кажете вистината. На следниот час донесете ги картичките и можете да ни кажете што можевте да направите преку Христос.

## Прашања за повторување

1. Како се случи Јосиф да почне да работи за Потифар, во земјата Египет?
2. Зошто беше Потифар задоволен од работата на Јосиф?
3. Од каде знаете дека Потифар беше задоволен од него?
4. На кој начин му помогна Бог на Јосиф за да живее за Него?
5. Зошто Јосиф се најде в затвор?
6. Зошто христијаните можат да живеат за Бог, без разлика каде се?
7. Еден ден Потифар им го претстави Јосифа на двајца други затвореници. Кои беа тие?
8. Зошто беа едно утро пекарот и пехарникот тажни?
9. Зошто Јосиф можеше да им го каже значењето на соништата?
10. Зошто беше тешко да се биде искрен со пекарот?
11. Кое нељубезно нешто го направи пехарникот спрема Јосиф?
12. Зошто христијаните можат да се сигурни дека Бог ќе им помогне да живеат за Него?


"Сè можам преку Христос"


"Сè можам преку Христос"

# ЛЕКЦИЈА 4

## Јосиф е награден

**Библиски текст:** 1. Мојс. 41:1-57
1. Мојс. 42:6-26

**Централна вистина:** Бог владее над сè, секој, насекаде.

**Примена:** **за неспасените деца:** покори му се на Неговото владеење во твојот живот.
**за спасените деца:** сетете се на Неговата величина и прославете го.

## Преглед на лекцијата

**Почеток:** Тешко е да се чека...

**Развој на настаните:**

1. Јосиф е сè уште во затворот - ЦВ.
2. Фараонот сонува.
3. Неговите маѓесници не можат да му го кажат значењето.
4. Пехарникот се сеќава на Јосиф - ЦВН.
5. Јосиф е доведен пред фараонот.
6. Јосиф го кажува значењето на соништата - ЦВС / ЦВН.
7. Јосиф е унапреден.
8. Седум години изобилство.
9. Седум години глад.

**Кулминација:**

10. Браќата на Јосиф доаѓаат по жито - ЦВН.
11. Јосиф се среќава со нив - ЦВН-

**Заклучок**

12. Сите браќа, освен Симеон, се враќаат во Ханаан - ЦВН/ЦВС.

**Стих за напамет**: "Нашиот Бог е горе на небото; на небесата и на земјата врши сè, што сака." Псалм 113:11

**Визуелни помагала:** Употребете ги фигурите Ј9, Ј11, 12, 15, 30-31, 33-41. За поучувањето на централната вистина на силуета на круна напишете ги зборовите: "Бог владее". Поставете го натписот на фланелографот. На погодните места во лекцијата, додајте ги зборовите "сите", "сè", "секаде".

## Предложени активности за учениците

По лекцијата, или дома, секое дете може да направи постер на кој пишува "Бог владее над...". Потоа нека одберат еден аспект на Неговото владеење и илустрирајте го. Закачете ги постерите на следниот час.

## ВОВЕД

Тешко е да се чека, нели? Додека го чекате роденденот, или Божик, или додека го чекате фудбалскиот натпревар, изгледа дека времето врви многу бавно.

## Сцена 1

*(Поставете ги фигурите Ј30 и 31, Јосиф и прозорецот од затворот).*




Сигурно така му изгледаше и на Јосиф. Таму, во затворот, сакаше да биде ослободен. Можеби си мислеше: "Сигурно пехарникот зборувал со фараонот, можеби денес ќе ја добијам пораката." Но не ја доби. Пехарникот го заборави Јосиф цели две години. За тоа време, Јосиф сигурно си размислуваше за соништата кои ги имаше многу одамна. Тие сега немаа никаква смисла. Дали Бог го заборави? Не! Дури и кога се случуваат најлошите нешта, Бог сепак е Тој кој контролира. Тој владее над сè и не ги заборава Своите чеда. Библијата вели: "Со својата моќ, Тој *(Бог)* владее вечно" *(Псалм 65:7)*. Тој не е слаб Бог, Тој е голем моќен Бог. Тој може да направи сè што сака. Дури и кога е тешко да се разбере, заради лошите работи кои се случуваат. Бог сепак владее. Иако Јосиф, Неговото чедо беше в затвор, Бог сепак знаеше што се случува.

*(Покажете го пехарникот, фигурата Ј33 на парче фланел со поинаква боја).*

Едно утро, кога пехарникот отиде да му служи на царот, фараонот беше многу загрижен. Тој беше опкружен со маѓесниците и мудреците од неговата земја. Пехарникот наслушна за што зборува фараонот.

"Сношти сонив чуден сон"- рече тој. "Сонував дека стоев на брегот на реката Нил. Од водата излегоа седум дебели, убави крави и почнаа да пасат на ливадата. Тогаш, од реката излегоа уште седум други крави. Тие беа слаби, коска и кожа, изгледаа како болни животни. Застанаа покрај убавите

крави ... и ги изедоа! Тогаш, се разбудив; и пак заспав и сонив уште еден сон. На едно стебло од пченица израснаа седум убави класови *(обично на еуно стебло расте по еуен клас)*. Потоа, седум слаби, речиси без плод главчиња израснаа и ги изедоа убавите класови пченица. Тогаш повторно се разбудив. Што значат овие соништа?

Откако фараонот заврши со зборувањето, маѓесниците и мудреците се загрижија. Не знаеја што може да биде тоа. Но пехарникот размислуваше и се сети! Му се обрати на фараонот: "Се сетив на нешто"- рече тој. Можеби пехарникот се сети дека требаше да му текне пред две години. Библијата вели дека пехарникот рече: "Се сетив на моите грешки".

"Фараонот им беше лут на своите слуги"- рече пехарникот, "и главниот пекар и јас бевме затворени. Таму двајцата сонивме соништа. Имаше таму еден млад човек кој ни кажа што значеа тие. Нашите соништа се исполнија точно како што кажа тој. Тој му беше роб на Потифар, капетанот на гардата. Тој е Евреин".

Фараонот нареди: "Оди и доведи ми го овде."

Фараонот не го знаеше, ниту го љубеше вистинскиот Бог; ниту пак пехарникот. Тие им служеа на други богови. А сепак, сега го правеа точно она кое единствениот вистински Бог го имаше испланирано. Бог владее над сите луѓе, дури и над оние кои не го сакаат, ниту Му се послушни. Во Библијата читаме дека споредени со Бог, луѓето на земјата се како скакулци *(Исаија 40:22)*. Можеби се прашуваш: "Зошто Бог дозволува луѓето да прават лоши нешта?" Бог не ги направил луѓето како роботи. Тој им дозволува да изберат. Тој и тебе ти дава можност за избор. Можеби денес украде нешто, излажа, го навреди другарчето, а Бог не те спречи, ниту пак те казни. Тоа не значи дека не може. Но Тој е исто така полн со љубов и трпеливост. Тој некое време чека да се одвратиш од гревот и да дојдеш кај Исус Христос. Ако не го сториш тоа, еден ден, кога ќе се сретнеш со Бог, Тој ќе ти суди за секое лошо нешто кое си го направил. Тогаш ќе разбереш дека Тој е владетел; нема да ја избегнеш казната за ниту еден твој грев. Библијата вели дека по смртта доаѓа Божјиот суд. Тогаш сите ќе видат дека Бог е "благословениот и единствен Владетел" *(1. Тим. 6:15)*. До тој момент Бог на луѓето им дозволува да одберат како ќе живеат. Меѓутоа, тие не можат да го прават она, што Тој нема да им го дозволи. Бог ги натера фараонот и пехарникот да ја исполнат Неговата волја.

Замислете само колку беше возбуден Јосиф кога ја доби пораката. "Треба да одиш во палатата". Веднаш беше ослободен. Се избричи, се облече и беше одведен кај фараонот.

## **Сцена** 2

*(Поставете го фараонот Ј34; Јосиф, Ј35; пехарникот Ј33).*




"Сонив сон и никој од овие овде не може да ми каже што значи"- објасни фараонот. "Слушнав дека ти можеш да ги разбереш соништата и да кажеш што значат тие."

Слушајте внимателно како одговори Јосиф. "Јас не можам да кажам што значи сонот"- рече тој, "но Бог ќе ти го каже значењето на сонот". Пехарникот сигурно се сети дека Јосиф го кажа истото пред да му го објасни неговиот сон.

Фараонот му ги повтори на Јосиф соништата, исто како што го направи тоа пред маѓесниците и мудреците. Тогаш тој кажа уште нешто повеќе за соништата, отколку кога ги раскажа првиот пат. "Никогаш во Египет не сум видел такви слаби крави, како оние вторите кои излегоа од реката. Откако слабите крави ги изедоа добрите крави, тие сè уште останаа слаби и изгледаа штуро. Немаше никаква разлика отколку порано." Тогаш фараонот продолжи. "Им ги кажав соништата на маѓесниците, но тие не можеа да ми ги објаснат. "Бог му кажува на фараонот што ќе направи"- рече Јосиф *(забележете уека тој цело време зборуваше за својот Бог)*. "Двата сона имаат исто значење. Седумте убави крави и седумте убави класови се седум години. Овие седум години се добри години. Седумте слаби крави и седумте слаби клавчиња означуваат седум лоши години, седум години на глад. Тоа е значењето за кое кажав дека Бог сака да му го објави на фараонот и да му каже што ќе направи Тој." Тогаш Јосиф појасни: "Ќе има седум години на големо изобилство по цел Египет. Жетвата ќе биде поубава од кога било. Ќе има многу повеќе храна отколку што ќе им биде потребна на луѓето. Но, по овие седум добри години ќе следат седум години на глад. Ништо нема да роди. *(Можеби немаше уа има уожу?)* Гладот ќе биде толку голем што луѓето ќе заборават дека имало и добри години. Ќе биде многу лошо."

Јосиф беше јасен во тоа дека тој може да го објасни значењето на сонот само затоа што Бог му го кажа тоа. Бог ги знае нашите мисли и соништа. Бог го знае значењето на сè. Тој знае што ќе се случи и што веќе се случило. Ако Бог не знаеше сè, не можеше да биде владетел над сè, затоа што нешто ќе можеше да го изненади. Но Тој знае **сè**.

Библијата јасно вели дека ги знае дури и најмалите нешта за тебе и за мене.

Слушнете ги зборовите од Библијата *(прочитајте го Псалмот 138:2-4).* Ако не го љубите Господ Исус, зарем не гледате колку ќе биде страшно да се сретнете со овој Моќен Господар? Од Него нема да можете да скриете ниту еден грев. Тој знае дури и за лошите помисли, оние лоши нешта за кои никој друг не знае. Каков Владетел е Тој! Вие момчиња и девојчиња кои сте христијани, запомнете колку е велик Бог. Важно е да се размислува за Неговата величина и да му се каже: "Господе, ти си многу голем!" Само Тој можеше да го каже значењето на чудните соништа на фараонот.

Тогаш, Јосиф на фараонот му даде неколку совети. "Твоите два сона беа слични бидејќи Бог сигурно ќе го направи тоа. И, Бог ќе го направи тоа наскоро. Фараонот треба да си најде човек кој ќе биде доволно мудар за да раководи со целата египетска земја."

Замислете го Јосиф, затвореникот- Евреин, да биде толку храбар и да му дава совети на големиот египетски фараон! Кога ги правиме нештата кои Бог сака да ги правиме ... кога навистина Му служиме на Господ Христос, а не само на луѓето ... Тој ни ја дава храброста да ги кажеме вистинските нешта.

Јосиф продолжи со советите. "Одбери таков човек"- рече тој, "и дај му луѓе кои ќе работат за него. Во текот на седумте години изобилство, треба да се собира храна и да се складира. Тогаш, кога ќе дојдат годините на гладот, ќе има храна и луѓето од Египет нема да гладуваат."

Додека фараонот и неговите слуги го слушаа Јосифа, тие знаеја дека советот е добар. Царот погледна на своите слуги и рече: "Можеме ли да најдеме друг човек како овој?" Тој покажа на Јосиф и додаде: "Духот Божји е во него."

Прво Потифар, потоа управникот на затворот, сега фараонот ... сите сфатија дека Господ е со Јосиф.

Фараонот му рече на Јосиф: "Бидејќи Бог ти го покажа сето ова, сигурно нема друг кој е помудар од тебе. Ти ќе бидеш тој човек за кого ти ми кажа да го поставам за управник над Египет. Само јас ќе бидам поголем од тебе. Ти ќе бидеш втор по власт.

*(Отстранете го Јосиф J35; пехарникот J36; поставете го Јосиф J36).*

Фараонот го извади прстенот од раката и го стави на прстот на Јосиф. Прстенот беше симбол на моќ, на авторитет. Оној кој го носеше имаше право да се потпишува и да наредува во името на фараонот. Тогаш, Јосифа го облекоа во убави облеки, какви што носеа принцовите. Фараонот му стави околу вратот златно синџирче и му даде на подарок кола и коњи. Сега Јосиф сигурно си мислеше дека тој сонува! Изгледаше дека неговиот живот беше исполнет со соништа, но ова не беше сон. Тој беше изваден од затвор, доведен во палата и назначен за владетел - сè во еден ден!

Фараонот нареди кога Јосиф се возеше со колата по целата земја, неговите слуги да викаат: "Поклонете му се!" И така правеа. Можеби на почетокот Египќаните му оддаваа чест на Јосиф затоа што беа приморани да го прават тоа. Но сигурно брзо научија да го сакаат, заради тоа што тој го правеше за нив.

Беше една чудна ситуација - Евреин кој владееше во Египет. Бог не владееше само во Ханаан, владееше и во Египет. Тој владее насекаде. Можете ли да ми кажете некоја далечна земја? *(Дозволете им на децата да земат учество)*. Да, Тој владее и таму. Библијата ни кажува дека не можете да побегнете од Него *(Псалм 138:7-10)*. Тој владее насекаде, бидејќи Тој е насекаде и владее засекогаш. Колку е велик нашиот Бог!

## Сцена 3

*(Поставете го Јосиф, J37; писарот J38).*



Сигурно Јосиф беше охрабрен од тоа што Бог е со него и во Египет. Тој имаше многу важна и тешка работа. За време на годините со добра жетва, тој требаше да организира многу од неа да биде складирана. На крајот, се собра толку многу род, што беше невозможно да се води сметка за сè! Бог испрати добри жетви - Тој не само што владее над луѓето, Тој владее над сè - дури и над времето.

Дојдоа годините на глад. Кога снема храна, луѓето почнаа да доаѓаат кај фараонот, а тој ги праќаше кај Јосиф. Јосиф беше наречен гувернер над Египет. Тој ги отвори складовите и почна на луѓето да им продава храна. Гладот допре многу подалеку од Египет. Наскоро луѓе од други земји почнаа да доаѓаат кај Јосиф за да купат храна, бидејќи Библијата вели: "гладот беше страшен во целата земја". Слугите на Јосиф сигурно водеа сметка за тоа колку храна е продадена.

Еден ден, додека Јосиф беше зафатен со продавање храна, виде некои луѓе од друга земја кои дојдоа во складот. Тоа беше една група од десет луѓе. Тие дојдоа пред Јосиф и му се поклонија со лицата до земја. Кои беа тие? Да, тоа беа браќата на Јосиф.

Можете ли во ова да видите дел од Божјиот план? Бог ги избра децата на Израел *(семејството на*

*Јаков)* да бидат луѓето преку кои еден ден ќе дојде Спасителот, стотици години подоцна. Бог се осигури дека тие нема да страдаат за време на гладот. Тој не сакаше да дозволи да бидат избришани. Кога ќе дојдеше определеното време, Бог ќе го испратеше Својот единствен Син да се роди во еврејско семејство. Да, Бог владее и го исполнува Својот план. Тој продолжи да ги подготвува нештата така што Неговиот Син да дојде во вистинското време. Исус Христос дојде во светот. Тој живееше совршен живот. Тој умре на крст и беше казнет за нашиот грев. Тој пак воскресна и е жив засекогаш. Ова беше Божјиот план за спасение. Тој го направи тоа за ти да можеш да бидеш во Божјото царство. Бог владее над целиот свет, но исто така владее и во срцата на луѓето - Неговите луѓе. Кога ќе поверуваш во Господ Исус како во свој Спасител, Бог станува Владетел во твојот живот. Ти ќе го сакаш и ќе му бидеш послушен. Ти ќе бидеш ослободен од царството на Сатаната и ќе бидеш поставен во Божјото царство. Сето ова е можно, бидејќи Бог владееше над сè што се случуваше. Тој направи сè за да се осигури дека семејството на Јаков ќе преживее.

Во Божјото време, синовите на Јаков дојдоа барајќи храна.

## Сцена 4

*(Отстранете го Јосиф Ј37; поставете го Јосиф Ј40; браќата Ј41).*




Јосиф веднаш ги препозна. Неговите браќа! Но тој не им кажа дека... а и тие не го препознаа. Кога го видоа последен пат, тој имаше осумнаесет, или деветнаесет години. Сега имаше триесет и девет. Беше облечен како Египќанец. Го зборуваше египетскиот јазик. И, тој им се обрати грубо:

"Од каде дојдовте?" - праша Јосиф преку преведувач, кој им се обрати на браќата на хебрејски.

*(Поставете го преведувачот Ј39).*

"Доаѓаме од земјата Ханаан, да купиме храна"- одговорија тие. Преведувачот му го преведе тоа на Јосиф.

Библијата вели: "И Јосиф се сети..." Што мислите, на што се сети? На соништата! Соништата од пред дваесет години се овистинија. "Јас мислам дека сте шпиони"- рече тој. "Дојдовте да видите колку настрадал Египет од гладот." "Не, господару" - одговорија тие, "твоите слуги дојдоа да купат храна. Сите ние сме синови на еден човек. Ние сме чесни луѓе. Твоите слуги не се шпиони." Замислете си, самите се нарекоа слуги на Јосиф! Но, тие го знеја само како "гувернер на Египет". Јосиф грубо им одговори: "Сепак мислам дека сте шпиони."

Нивниот одговор беше навистина искрен и чесен. "Твоите слуги се сите браќа" - рекоа тие, "синови на еден човек во земјата Ханаан. Ние дома имаме уште еден помлад брат, со татко ни. А еден брат веќе го немаме. *(Тоа значеше исто како да кажеа "**тој е мртов**".)*

На Јосиф му беше мило да дознае дека татко му е сè уште жив. И дека Бенјамин е добар. Но тој пак рече: "Сепак мислам дека сте шпиони. Ако сакате да ми докажете дека не сте, испратете по него и доведете ми го вашиот помлад брат да ви се придружи овде. Еден од вас може да се врати дома и да го доведе. Другите ќе бидете задржани во затвор, додека не се врати испратениот. Ако не сакате да го направите ова, ќе знам дека сте шпиони."

За да им даде време да размислат за сето тоа, Јосиф ги чуваше во затвор три дена.

*(Отстранете ги фигурите).*

Кога Јосиф ги извади од затворот, беше пољубезен со нив.

## Сцена 5

*(Поставете ги браќата Ј9, Ј11, Ј15, Ј12, Јосиф, Ј37).*




"Решив да задржам овде само еден од вас, а другите можете да си одите."- рече тој, и додаде: "И јас го славам Бог". Тоа значеше исто како да им каже: "Заради тоа што го љубам Бог ќе ви покажам милост." Се разбира, тие не заслужуваа милост. Но Јосиф сакаше да им покаже милост и покрај сè.

"Ако сте навистина чесни луѓе, ќе ми дозволите да задржам еден од вас овде, во затвор. Останатите можете да си ја земете храната и да си отидете кај семејствата. Но, ако сакате да ми ја докажете вашата чесност, доведете ми го вашиот најмлад брат. Тогаш ќе знам дека не сте шпиони и нема да умрете." Казната за шпионите беше смрт и не е чудо што браќата беа уплашени. Тие почнаа да зборуваат за тоа пред Јосиф. Тие не ни помислија дека тој го разбираше нивниот јазик! "Навистина сме виновни за нашиот брат"- рекоа тие. "Кога го видовме не-

говиот страв и го слушнавме неговото викање, ние не сакавме да се смилуваме. затоа нè снајде ова."

Тогаш проговори Рувин: "Зарем јас не ви реков да не му нанесете зло? Но вие не сакавте да ме послушате. Сега, да умреме ли заради тоа што сте вие виновни за неговата смрт?" Тие сè уште не му веруваа на овој гувернер. Се разбира, Јосиф го разбра секој збор кој го проговорија и знаеше дека се расправаат за времето кога го продадоа. Кога тој се заврте и излезе од собата, тие не знаеја дека тој го направи тоа бидејќи не можеше да ги задржи солзите.

*(Отстранете го Јосиф, Ј37).*

Овде гледаме човек во чие срце и живот владееше Бог. Браќата заслужуваа казна. Тие не заслужуваа жито, не заслужуваа љубезност. Но Јосиф ги љубеше. Ова беше можно само затоа што Јосиф му припаѓаше на Бог и Бог владееше во неговиот живот. Можеби и ти денес знаеш дека Бог треба да владее и во твоето срце. Зарем не си видел малку од Божјата величина? Да се греши против Него е многу сериозна работа. Ќе биде страшно да се сретнеш со Него, ако Тој не е владетел во твоето срце. Треба уште денес да дојдеш кај Господ Исус. Тој може да ти ги прости сите гревови и да те воведе во Божјото царство. Тој затоа умре. Тогаш ќе му припаѓаш на Бог, ќе можеш да Го љубиш и да Му бидеш послушен - исто како Јосиф. Меѓутоа, Јосиф сфати дека браќата требаше да научат некои тешки лекции. И така, кога се врати, го задржа Симеон и нареди да го врзат и да го одведат в затвор. Другите браќа платија за житото и тргнаа кон дома.

Чудесно е и прекрасно како Бог ги нареди работите - а сè уште не сме ја завршиле историјата! Само Бог може да го направи тоа, бидејќи Тој е единствениот кој владее над сè. Тој ја има сета моќ. Ги знае сите работи. Но како стоиш со Него? Те молам, немој да си мислиш дека не е важно ако продолжиш да одиш по твојот пат. Еден ден ќе мора да се сретнеш со Него. Зошто не дојдеш при Исус сега и да му кажеш дека сакаш да ги средиш работите меѓу тебе и Бог? Библијата вели дека Бог го направи Господ Исус Принц и Спасител, за луѓето да можат да се одвратат од гревот и да им биде простено *(Дела 5:31)*. Барај од Него Тој да ти прости. Тогаш Бог ќе биде твој Бог и твој Цар.

Момчиња и девојчиња, кои сте христијани, благодарете  му на Бог за тоа што е толку голем Владетел. Размислувајте за Неговата величина и кажете му: "Колку си моќен"! Додека го славите, размислувајте за нашиот стих за напамет: "Нашиот Бог е горе на небото; на небесата и на земјата врши сè, што сака." Псалм 113:11

## Прашања за повторување

1. Кога пехарникот се сети на Јосиф?
2. Зошто Јосиф можеше да го протолкува сонот на фараонот?
3. Како знаеме дека Бог владее?
4. Каде Бог владее?
5. Зошто Бог сакаше да биде сигурен дека децата на Израел ќе бидат зачувани?
6. Кое беше значењето на сонот на фараонот?
7. Како фараонот се подготви за гладот?
8. Што ни покажува дека Бог владееше над мислите и ставовите на Јосиф?
9. Ако Бог владее над сè, зошто тогаш има толку грев и зло?
10. Кога секој ќе се сретне со Бог?
11. Кои се единствените луѓе кои не треба да се плашат да се сретнат со Него?
12. Кога ќе заврши Божјото владеење?



# ЛЕКЦИЈА 5

## Јосиф се грижи за своето семејство

**Библиски текст:** 1. Мојс. 42:27-45:28
1. Мојс. 47:12
1. Мојс. 50:15-21

**Централна вистина:** Божјото Слово ветува: "Сè им врви на добро на оние кои го љубат Бог" (Рим. 8:28).

**Примена:** **за спасените деца:** верувајте во ова прекрасно ветување. **за неспасените деца:** мора да поверувате во Христос ако сакате ова ветување да е и за вас.

## Преглед на лекцијата

**Почеток:** Правење сложувалка.

**Развој на настаните:**

1. Јосиф гледа како се развива Божјиот план - ЦВ.
2. Браќата ги наоѓаат парите во вреќите - ЦВН.
3. Му кажуваат на Јаков што се случи.
4. Подоцна се враќаат во Египет.
6. Јаков е скршен кога Бенјамин заминува - ЦВС.
7. Египетскиот гласник го пронаоѓа сребрениот пехар.
8. Сите се враќаат кај Јосиф - ЦВН.

**Кулминација**

9. Јосиф се открива кој е.
10. Браќата се уплашени.
11. Јосиф им кажува дека тоа беше Божјиот план - ЦВС.

**Заклучок**

12. Јаков доаѓа во Египет и сите се згрижени - ЦВС / ЦВН.

**Стих за напамет:** "Знаеме дека на оние што го љубат Бог, сè им врви на добро" (Рим.8:28).

**Визуелни помагала:** Употребете ги фигурите Ј40; Ј42-Ј51; Ј11, Ј12 и Ј15.

## ВОВЕД

Дали некогаш сте составувале сложувалка? Некои се многу комплицувани и е тешко да се види како да се состават сите парчиња. И животот на Јосиф беше таков.

*(Поставете ја фигурата Ј40).*

Дел од неговиот живот воопшто немаше смисла. Кога стана гувернер на Египет, сигурно се сети на соништата кои ги имаше како момче. Почна да разбира зошто Бог ги дозволи овие тешки години во Египет. Можете ли да ми кажете зошто Бог ги дозволи тие тешкотии? *(Продискутирајте со децата - кажете им дека на тој начин се засили вервата на Јосиф, го научи египетскиот јазик и писмо, ги разбра животите на богатите и на сиромасите.)* Бог работеше во сето тоа со љубов и мудрост. Во Библијата има ветување кое ни кажува дека Бог го прави тоа за сите свои чеда. "Знаеме дека на оние што го љубат Бог, сè им врви на добро" *(Рим.8:28)*. Бог е Владетел над сè, и затоа може сите работи да бидат за наше добро, во твојот живот и во животот на Јосиф.

## Сцена 1

*(Поставете го братот, фигурата Ј42, и вреќата со жито, фигурата Ј43).*




Меѓутоа, неговите браќа, не гледаа многу добрини пред себе. Тие се враќаа дома, без Симеон.

На местото каде што застанаа да преноќуваат, еден од нив отвори една вреќа, за да земе малку жито за магарето. "Видете го ова"- извика тој, "во вреќата има сребреници." Браќата се завртеа еден кон друг, тресејќи се од страв. "Што е ова што ни го направи Бог?" - се прашуваа тие. Секогаш кога нешто ќе тргнеше наопаку, браќата мислеа дека ги стигнала казна. Секој од нив имаше виновна совест. Бог нè создал мене и тебе со совест. Таа е еден тивок глас во нас кој ни покажува кога грешиме. Твојата совест е таа која кога си легнуваш навечер те потсетува на лошото што си го направил. Имаш ли денес виновна совест, дали сега размислуваш да направиш нешто лошо, или сакаш да скриеш нешто лошо кое си го направил? Има само еден лек за виновната совест. Бог испланира начин за ти да можеш да го поправиш лошото. Слушнете што вели Тој во Библијата: "... крвта Христова ... ќе ја очисти совеста наша од мртви дела за да Му служиме на живиот и вистински Бог" *(Евреите 9:14)*. Исус Христос, Единствениот Божји Син ја зеде твојата вина и осуда кога умре на крстот. Само Тој може да ти го одземе гревот и да ја очисти твојата виновна совест. Мора да поверуваш во Господ Исус за Тој да го направи тоа. Тогаш можеш да Го

љубиш и да Му служиш на Бог. Ако твојата виновна совест те мачи, сакаш да поверуваш во Христос, но не знаеш како, ќе ми биде драго да поразговарам со тебе за ова. Немој да си одиш кога ќе заврши состанокот. Многу е важно да знаеш како можеш да поверуваш во Исус Христос. *(Учителе, одредете место каде што децата кои сакаат да разговараат со вас можат да ве најдат по состанокот).* Прекрасно е да се биде слободен од вината, но браќата на Јосиф сè уште размислуваа за нивниот грев. Изгледаше како тој постојано да ги следи.

Кога се вратија дома, сè му објаснија на татко им. "Човекот кој е гувернер на земјата беше груб спрема нас" - рекоа тие. Тие му ја раскажаа на татко им целата случка, објаснувајќи зошто Симеон не се врати со нив.

## Сцена 2

*(Поставете го Јаков, фигурата J44; браќата, фигурите J9, J11; J12; J15).*




"Тој рече дека сме шпиони. Му рековме: 'Не, ние сме чесни луѓе'. Тој рече дека нема да ни поверува додека не му го одведеме нашиот најмал брат. Кога ќе го направиме тоа, ќе ни поверува и ќе го ослободи Симеон."

"Не" - рече Јаков. "Никогаш нема да го одведете Бенјамин таму. Ми ги земате од мене моите деца. Јосиф го нема. Симеон го нема. А сега сакате да ми го земете и Бенјамин? Никогаш!" *(Од 1. Мојс. 42:36-38.)* Рувин рече дека тој ќе биде одговорен да го доведе Бенјамин назад здрав и жив. Но Јаков кажа: "Не! Неговиот брат е мртов, а ако му се случи нешто и на Бенјамин, ќе умрам од тага."

Веќе не зборуваа за тоа, сè додека не им приврши храната која ја донесоа од Египет. Сите размислуваа, но никој не зборуваше за тоа што требаше да го направат. Еден ден Јаков рече: "Одете пак во Египет и купете уште храна".

*(Поставете го Бенјамин, фигурата J8).*

Сега проговори Јуда. "Нема зошто да одиме ако Бенјамин не може да дојде со нас. Човекот рече дека нема дури да сака да нè види ако се вратиме без Бенјамин."

И така, пак се расправаа за истата работа. Јаков рече дека Бенјамин не може да оди. Јуда кажа дека Бенјамин мора да од. "Зошто му кажавте на човекот дека имате помал брат?"- ги праша Јаков.

"Бидејќи нè праша. Од каде да знаеме дека ќе каже: 'Доведете го овде'?" - одговори Јуда. Тогаш Јуда вети дека лично ќе биде одговорен за сигурноста на Бенјамин.

Кога Јаков увиде дека семејството ќе почне да му гладува ако не купат храна, знаеше дека нема друг излез. "Одете" - рече тој, "но однесете му на тој човек подарок." Јаков направи пакет во кој стави мед, зачини, ореви и некои други нешта; им кажа на синовите да земат двојно повеќе пари - пари кои требаше да ги вратат и пари за храната која сакаа да ја купат за дома.

Кога заминуваа, Јаков рече: "И нека Семоќниот Бог ви даде милост пред човекот, за тој да ги испрати назад Симеон и Бенјамин." Тогаш, натажен, додаде: "Ако ги загубам децата, нека ги загубам".

*(Отстранете ги сите фигури).*

Кутриот Јаков! За него изгледаше невозможно нешто да му тргне на добро. Тој го љубеше Бог, но животот беше толку тежок. Ако си Божјо чедо, ништо нема да го промени ветувањето од Библијата дека Бог сè води на добро.

Кога аптекар прави лек, употребува многу прецизни, точни мерки. Тој става една капка од нешто, ја меша со малку прав од нешто друго, додава уште нешто, на крајот, има убав лек. Ако стави од нешто многу повеќе, ќе стане отров, а не лек, но затоа внимава и работи точно. Бог така се однесува кон секое Свое чедо. Тој знае колку проблеми да дозволи, одбира кога да даде радост. Сето тоа собрано заедно, го користи да води сè на добро - да ги направи Неговите чеда послични на Господ Исус. Ако си христијанин, верувај во ветувањето и имај доверба во Бог и тогаш кога има смртен случај во твоето семејство, кога си болен, кога имаш големи проблеми дома или в училиште. Понекогаш е тешко да се има доверба во Бог, кога животот изгледа многу тежок. Така се чувствуваше Јаков кога го гледаше Бенјамин како заминува со неговите други синови. Кога Јосиф виде како доаѓаат неговите браќа, веднаш забележа дека Бенјамин е со нив. Јосиф го повика својот слуга, човекот кој раководеше со неговата куќа. "Подготви сè за овие луѓе напладне да ручаат во мојата куќа" - нареди тој.

## Сцена 3

*(Поставете ги браќата, фигурите J8; J9; J11; J12; J15; Симеон, фигурата J16; преведувачот, J39).*



Кога браќата беа испратени во домот на Јосиф, тие беа уплашени. "Тоа е заради парите во нашите вреќи" - рекоа тие. Се обидоа на управникот да му го објаснат тоа, но тој не им обрна многу внимание, велејќи дека нему му е платено. Тие се почувствуваа подобро кога од затворот им го доведоа Симеон.

*(Поставете го Јосиф, фигурата J37).*

Кога дојде Јосиф, тие му го дадоа подарокот од татко им и му се поклонија до земја,

"Дали е татко ви жив и здрав?" - праша тој.

"Твојот слуга, нашиот татко е здрав"- одговорија тие, пак поклонувајќи се.

Јосиф погледна кон Бенјамин и праша: "Ова ли е вашиот најмал брат, за кого ми зборувавте? Бог нека биде добар кон тебе, синко мој"- му рече тој на Бенјамин и бргу излезе. Никој не знаеше дека тоа го направи бидејќи не можеше да ги задржи солзите заради сето што го слушна и виде. Откако се врати Јосиф, послужија јадење. Јосиф им даде да јадат од храната која ја јадеше тој, а на Бенјамин му дадоа пет пати повеќе отколку на другите! за време на јадењето, сите се развеселија. Подоцна истиот ден го добија она што го бараа и платија за храната. Браќата преноќеваа во Египет и следното утро тргнаа за дома.

*(Отстранете ги фигурите).*

Можете ли да ја замислите нивната радост? Симеон беше со нив. Бенјамин беше со нив. Сè беше во најдобар ред.

Но, нешто се случи пред да заминат, за кое браќата не знаеја ништо. Јосиф го имаше испланирано сето тоа. На управникот на неговата куќа тој му заповеда: "Повторно врати ги парите во нивните вреќи"- рече тој, "а заедно со парите, во вреќата на најмладиот стави го и мојот сребрен пехар."

Сè уште беше рано наутро. Браќата штотуку навлегоа во полето надвор од градот, кога видоа еден човек како доаѓа по нив. Тие го препознаа дека е слугата на Јосиф. Тој повика по нив да застанат.

## Сцена 4

*(Поставете ги браќата, фигурите J15; J9; J11; J12; Бенјамин, J8).*




"Зошто вративте со зло на добрината? Зошто го украдовте сребрениот пехар на мојот господар?" - ги праша тој.

*(Поставете го Египќанецот - слугата, фигурата J45 и братот J42).*

Луѓето знаеја дека тоа не е вистина. "Зошто велиш така?" - прашаа тие. "Да не даде Господ да направиме такво нешто. Ние ги вративме парите кои ги најдовме во нашите вреќи. Зошто мислиш дека сме го украле сребрениот пехар на твојот господар? Претреси нè. Ако го најдеш пехарот кај некој од нас, тогаш можеш слободно да го убиеш, а ние останатите ќе ти бидеме робови." Тие беа навистина налутени што ги обвинуваат за такво нешто.

"Само оној, кај кој ќе го најдам пехарот, ќе стане мој роб" - рече Египќанецот. "Другите можете да си одите слободни."

*(Поставете ги вреќите, фигурите J43; J46- J50, пред фигурата J45, поставувајќи ги една по една, а вреќата со пехарот поставете ја последна).*

Почна претресот. Почнувајќи со Рувин, најстариот, секој човек ја отвори својата вреќа. Слугата на Јосиф од Рувин се задржа кај Симеон, кај Леви, кај Јуда, кај Дан, кај Нефтах, кај Ашер, кај Исахар, кај Зебулон ... кај Бенјамин. И таму го најде пехарот! Што мислите, како се чувствуваа? Можеше ли да им се случи нешто полошо?

## Сцена 5

*(Поставете го Јосиф, фигурата J40; преведувачот, фигурата J39; записничарот, J38; Бенјамин, фигурата J5; браќата, фигурата J41).*




Тресејќи се од страв браќата ги заврзаа вреќите со жито и се вратија во градот кај Јосиф. Тој ги чекаше. Тие паднаа на земјата пред него. Тој им се обрати со лутина: "Што направивте? Зарем мислевте дека нема да дознаам кој ми го украде сребрениот пехар?"

Јуда проговори во името на сите нив: "Што можам да му кажам на мојот господар? Како да зборувам? Што да направиме за да докажеме дека не сме виновни? Бог ни го покажа нашиот грев. Нема што да се прави, сите ќе ти станеме робови" *(од 1. Мојс.44:16).*

Тие не го украдоа пехарот, но сепак се чувствуваа виновни. Вината за тоа како пред многу години се однесоа кон својот брат сè уште беше со нив. Има ли грев кој се обидуваш да го покриеш, но не

можеш да го заборавиш? Твојата виновна совест ти кажува дека нештата не се правилни. Ти си виновен пред Бог. Мора да дојдеш кај Господ Исус и да му кажеш дека си виновен. Верувај му дека ќе ти го одземе гревот и вината.

Тој ќе ја "очисти нашата совест од делата кои водат во смрт". Ти ќе почнеш да го љубиш Бог и ќе знаеш дека Тој ќе води сè во твојот живот на добро. Браќата на Јосиф не можеа да видат ништо добро во она што им се случуваше, додека стоеја пред него, тресејќи се од страв. "Не" - рече Јосиф, "Нема сите да ве земам за робови. Само оној во чија вреќа се најде пехарот. Останатите можете да си одите при татко ви со мир."

Можеби Јуда се доближи поблиску до Јосиф и тивко проговори. Можеби тој не сакаше Египќаните да го чујат она што сакаше да го каже. "Те молам, дозволи ми да објаснам" - рече тој, "и немој да се налутиш". Јуда го потсети Јосиф на нивната прва посета и на прашањата за нивното семејство. Како му рекоа дека Бенјамин не може да го напушти татко му, бидејќи неговиот брат беше мртов и ако нешто му се случи на Бенјамин, татко им сигурно ќе умре. Тогаш тој му кажа како Јаков, нивниот татко беше решен Бенјамин да не оди, особено поради тоа што едниот син беше "раскинат на парчиња" кога го напушти домот, пред многу години. Ништо не смееше да му се случи на Бенјамин! Јуда заврши со зборовите: "Ако се вратиме кај татко ни и Бенјамин не е со нас, тој ќе умре. Ние ќе сме виновни за тоа што нашиот татко ќе умре од тага. Јас ветив дека, ако Бенјамин не се врати дома, јас ќе бидам засекогаш виновен. Сега, те молам, доз-воли ми јас да ти станам роб, а пушти го Бенјамин да си оди дома." Колку беше сега Јуда поинаков од времето кога предложи да им го продадат Јосиф на трговците! Јосиф погледна наоколу, кон Егип-ќаните кои беа во собата заедно со нив. "Излегувајте сите" - нареди тој.

*(Отстранете ги фигурите Ј38 и Ј39. Поставете го Јосиф, фигурата Ј37, отстранувајќи ја Ј40).*

Јосиф и браќата беа оставени насамо. Јосиф веќе не се обидуваше да ги скрие чувствата. Почна гласно да плаче. Браќата сигурно се зачудија зошто гувернерот се однесува на таков начин. Кога Јосиф можеше да зборува, им се обрати на браќата со следниве зборови:

"Јас сум Јосиф. Вистина ли е дека татко ми е сè уште жив?"

Библијата вели дека тие не можеа да одговорат. Беа преплашени. Тие беа и порано уплашени, но сега беа поисплашени од кога било. Јосиф! Тие се сетија како се однесоа спрема него. Сега тие беа во негова власт. Што ќе направи? Тие не го знаеја планот на Јосиф.

"Ве молам, приближете се"- рече Јосиф. Неговиот глас веќе не беше груб, туку љубезен. Браќата му се приближија, а Јосиф им објасни:

"Јас сум Јосиф, вашиот брат, кој вие го продадовте во Египет. Не плашете се и не грижете се. Всушност, Бог беше тој кој ме испрати овде." Сега Јосиф можеше да погледне наназад и да види како Бог извел на добро сè што тој со мака го помина. "Бог ме испрати овде за да спасувам животи"- рече тој. "Бог ме испрати пред вас за да ве спасам вас и вашите семејства од смрт со глад."

Јосиф знаеше за народот за кој Бог рече оти ќе дојде од неговиот татко, Јаков; неговиот дедо, Исак; неговиот прадедо, Авраам. Бог не сакаше да дозволи овој народ да умре од глад или на друг начин. Бог беше решен да ги одржи своите ветувања за да го благослови светот преку овој народ. Божјиот Син требаше да се роди од тој народ.

Ова беше прекрасен план. Сите Божји планови се добри и мудри. Ако си Негово чедо, тој и за тебе има план. Тоа е добар план и Тој ќе го исполни. Неговите планови не се само идеи кои можеби ќе се остварат, Неговите планови ќе се остварат! Понекогаш ние не можеме да разбереме зошто Бог дозволува да се случуваат некои нешта, можеби и нема да разбереме сè додека не отидеме на небото. Но Бог има добра причина да го дозволи сето она кое ти се случува.

Јосиф не можеше да разбере кога врвеше низ тешкотиите, но сега сè му беше јасно. И тој се обиде да им објасни на браќата, за и тие да разберат. "Не бевте вие кои ме пративте овде, туку Бог"- објасни Јосиф.

Пред да можат да кажат уште нешто, Јосиф им ги кажа неговите планови. "Побрзајте и отидете дома, кај татко ми. Кажете му сè за мене. Кажете му дека јас ви кажав да го доведете во Египет. Ќе живеете тука, блиску до мене. Сите вие, доведете ги вашите семејства. Јас ќе се погрижам за вас во текот на гладот... следните пет години."

Колку возбудувања! Имаше уште солзи. Повеќето беа солзи радосници. Јосиф ги бакна сите свои браќа. Најпосле, тие пак тргнаа кон дома. Но не само со храната која дојдоа да ја купат, туку со многу повеќе храна, пари, нови облеки, коли и магариња.

*(Отстранете ги сите фигури).*

"Јосиф е сè уште жив и е гувернер во Египет" - му кажаа тие на татко им, Јаков. Беше тешко да се поверува во тоа, но кога Јаков ги виде сите нешта кои ги донесоа, знаеше дека е вистина.

Колку беше прекрасна повторната средба во Египет! Јосиф го одржа своето ветување да се погрижи за сите нивни потреби, додека тие живееја таму *(1. Мојс. 47:12)*. За Јаков и неговото семејство, изгледаше како Јосиф да се вратил од мртвите. Сигурно видоа дека Бог го исполни Својот добар план. Сите Негови планови се добри - дури и кога не можеме да ги разбереме. Дали се чудиш зошто ти се случуваат некои работи? Ако си спасен, тогаш ова ветување е за тебе. Научи го. Верувај во него,

дури и кога не го разбираш. Ова е особено ветување за оние кои го љубат Бог како Јосиф. Можеби си посличен на браќата кои беа виновни. Ако Бог ти покажал дека си згрешил против Него, тогаш одврати се од тие лоши нешта кои те држат подалеку од Бог. Поверувај во Господ Исус да ти го прости гревот уште денес. *(Повторно прочитајте Евреите 9:14).* Тој ќе ги одземе од тебе твојот грев и вина, и тогаш ќе можеш да го љубиш Бог. Прекрасното ветување од Римјаните 8;28 ќе биде и за тебе. *(Би било убаво да имате неколку моменти тишина, во која децата ќе можат тивко, во срцата да му одговорат на Бог).*

## Прашања за повторување

1. Ако си Божјо чедо, кое е Божјото ветување што ќе ти помогне да Му веруваш кога си во невола?
2. Кога првпат се вратија од патувањето во Египет, што најдоа браќата во вреќите?
3. Зошто браќата мислеа дека Бог ги казнува?
4. Што рече Јосиф дека треба да направат браќата пред тој да им го ослободи Симеон?
5. Кој е единствениот лек за виновната совест?
6. Што кажа отпрво Јаков на тоа дека Бенјамин треба да оди во Египет?
7. Кај кој од браќата се најде сребрениот пехар?
8. Зошто се понуди Јуда тој да стане роб наместо Бенјамин?
9. Што направија браќата кога Јосиф им се претстави?
10. Зошто Јосиф не ги обвинуваше браќата за тоа што му го направија?
11. Што го увери Јаков дека Јосиф е навистина жив?
12. Што ќе направи Бог за оние кои му веруваат?

[1] Нумерирањето на Псалмите е според Библијата во издание на Обединетото библиско друштво (Православниот превод).
[2] Нумерирањето е според православниот превод на Псалмите. Во другите преводи ова е Псалм 115:3

# 1


J3 J2 J6 J4 J1 J5


J10 J13


J3 J4 J2 J6 J8 J1 J5


J19
J17a


J8 J6 J9 J7 J10 J12 J11


J20 J15 J18 J9 J12 J17a J11


J8 J6 J7 J10 J14 J18 J11


J19 J21


J24 J26 J25 J22 J9 J17b J28 J27

# 3


J17b J29 J28 J27


J30 J29


J31 J30


J31 J32 J33 J29 J30


J31 J30

# 2


J11 J12 J10 J13 J16


J18 J12

4


J30
J33
J33
J34
J35
J37
J34
J38
J40
J39
J41
J9
J37
J12
J11
J15

5


J42
J48
J9
J44
J8
J12
J11
J15
J12
J9
J8
J37
J11
J15
J16
J9
J8
J12
J11
J15
J46
J49
J43
J45
J48
J42
J47
J50
J40
J39
J51
J41